# Превенција

- Касно стапување во сексуални односи
- Практикување на безбеден секс (користење кондоми)
- Избегнување често менување партнери
- Редовни гинеколошки прегледи
- ХПВ вакцина

Редовните гинеколошки прегледи имаат за цел рано да се откријат промените на грлото на матката. При гинеколошкиот преглед се зема брис од грлото на матката, кој се анализира во лабораторија за присуство на абнормални клетки (ПАП тест).

# ШТО Е ПАП – ТЕСТ?

ПАП – тест е брз тест за проверка на здравјето на грлото на матката. Тестот е дел од обичен гинеколошки преглед. Со дрвена шпатула се зема брис од површината на грлото на матката и ендоцервикалниот канал и се нанесува на стакленце кое понатаму се бои и се прегледува под микроскоп.

Жените треба да направат превентивен гинеколошки преглед барем еднаш годишно.

**Преку скрининг програмата на Министерството за здравство може да се направи бесплатен ПАП тест!**

**Во 2018 година со скрининг се опфаќаат жени на возраст 24-35 години, како и жени на возраст од 36-60 години на кои во 2017 година не им бил направен ПАП тест.**

**ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ КАЈ ВАШИОТ ГИНЕКОЛОГ И НЕ ГО ОДЛОЖУВАЈТЕ ПРЕГЛЕДОТ!**

**Сепак здравјето треба да ни е најважно.**

**Ракот на грлото на матката може успешно да се лечи ако се открие рано.**

Република Македонија
Министерство за здравство

Институт за јавно здравје
на Република Македонија

# НАПРАВЕТЕ ПАП ТЕСТ!



# ЗОШТО?

Ракот на грлото на матката е едно од најчестите малигни заболувања кај нас и во светот. Во светот ракот на грлото на матката е трет малигнен тумор со учество од 8,8% од сите видови рак кај жената. Во Европа од рак на грлото на матката годишно се разболуваат 65.000, а умираат околу 32.000 жени.

Во Република Македонија стапката на новорегистрирани случаи на рак на грлото на матката е 22,5 на 100.000 жители, а годишно умираат околу 40 жени.







## Рак на грлото на матката

Грлото на матката е долниот дел на матката што е свртен кон вагината.

Ракот всушност претставува промена на клетките на грлото на матката и нивно неконтролирано размножување. Најчесто му претходи појава на пред-малигни промени- преканцерози (ЦИН 1,2,3) кои може спонтано да се повлечат или да преминат во рак. За да се развие ракот од преканцерозата, потребно е да поминат некогаш и до 10 години.

# Ризик фактори

Присуството на одредени типови на хуман папилома вирус (ХПВ) се поврзува со појавата на рак на грлото на матката. ХПВ се пренесува при сексуален контакт.

Ризикот за појава на ракот на грлото на матката се зголемува кај жени кои имаат друга сексуално преносилва инфекција, кои пушат, имаат голем број сексуални партнери, повеќекратни бремености, подолго време користат орални контрацептивни средства или им е намален имунитетот.

# Симптоми при рак на грлото на матката

Најчесто на почетокот нема никакви симптоми на болеста. Може да се јави крвав вагинален секрет, вагинално крвавење или крвавење при сексуален контакт, болка при сексуален контакт, понатаму болки во долниот дел на стомакот, болки во коските, хроничен замор, отоци на нозете.